ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

# ПОКАНА

за учество на тренинг за дизајнирање на програма за субвенции кои ќе одговорат на потребите на различни групи на граѓани

Ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме да учествувате на тренингот за дизајнирање на програма за субвенции кои ќе одговорат на потребите на различни групи на граѓани кој ќе се одржи на 29.11.2023 со почеток од 10 часот во просториите на iCan Гостивар (https://maps.app.goo.gl/ovrZ7eNPKiKPD4az7).

Тренингот го организира Центар за климатски промени, во рамките на проектот „Справување со загадување на воздухот“, кој е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Проектот го имплементира Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.

Тренингот ќе го спроведуваат проф. д-р Пеце Недановски, редовен професор на Економскиот факултет при универзитетот Св. Кирил и Методиј и Софија Зафировска од Општина Аеродром, а ќе им овозможи на учесниците да се запознаат со различните модели за субвенционирање во регионот и ЕУ, да се стекнат со искуство од веќе спроведени јавни повици за субвенционирање од страна на Општина Аеродром но и да обезбедат препораки и насоки за воведување на нови модели за субвенционирање.

За таа цел од исклучително значење за оваа работилница е присуството на претставници на општината кои работат во релевантните сектори и одделенија.

Во прилог Ви ја доставуваме и агендата за тренингот. Воедно, со цел подобра организација на настанот Ве замолуваме најдоцна до 27.11 да не информирате за бројот на претставници од Вашите општини кои ќе присуствуваат на тренингот.

Со надеж дека ќе ја прифатите оваа покана, и ќе бидете дел од тренингот, останувам со почит,

Бојана Станојевска Пецуровска,

Центар за климатски промени

**Агенда**

Тренинг за дизајнирање на програма за субвенции кои ќе одговорат на потребите на различни групи на граѓани

**Дата:** 29.11.2023, 10:00 часот

**Локација:**

| | | |
|---|---|---|
| **10:00-10:30** | **Регистрација на учесници** | |
| **10:30-10:45** | Добредојде во општина Гостивар<br><br>Вовед во тренигот и темата | **Претставник на општината**<br><br>**УНДП**<br><br>**Бојана Станојевска Пецуровска,** модераторка |
| **10:45 – 11:30** | Компаративната анализа на различни модели за субвенционирање во регионот и ЕУ | **проф. д-р Пеце Недановски,** Економски факултет, Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” |
| **11:30 – 12:10** | Презентација на повикот за поддршка на домаќинства од населба Лисиче за воведување на мерки за енергетска ефикасност | **Александра Димова Манчевска,** Проектна раководителка во УНДП |
| **12:10 – 12:30** | Кафе пауза | |
| **12:30 – 13:15** | Презентација на моделот за доделување на субвенции на Општина Аеродром | **Софија Зафировкса,** Советничка за оценка на влијанието на индустрискиот развој на животната средина во Општина Аеродром |
| **13:15 – 14:00** | Предизвици и препораки во врска со воведување на нови модели за субвенционирање | **проф. д-р Пеце Недановски**, Економски факултет, Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” |
| **14:00 – 14:30** | Дискусија и заклучоци | Сите учесници |
| **14:30 – 15.30** | Ручек | Локација |